Врз основа на член 20-г став 1, член 21 став 3, член 22 став 1 алинеја 5, став 4, став 6, став 8, став 13 и став 14 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), член 14 став 2, член 22 став 1 алинеја 1, член 23, член 24, член 25, член 26, член 27 и член 46 став 1 од Законот за работни односи („Службен Весник на РМ" број.167/2015, 27/16, 134/2016, 120/18 и 110/19) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за животна средина и просторно планирање број 01-2372/1 од 03.05.2017 година, 01-1832/2 од 12.03.2018 година, 01-1832/6 од 02.04.2018 година, 01-3932/1 од 16.07.2019 година, 01-4222/1 од 31.07.2019 година, 01-4222/4 од 04.09.2019 година, 01-4222/5 од 07.10.2019 година, 01-4222/7 од 15.10.2019 година, 01-6478/3 од 30.12.2019, 01-7008/1 од 30.12.2019 година, 04-1604/1/1 од 02.03.2020 година и 04-4510/1 од 30.10.2020, Министерството за животна средина и просторно планирање објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ- 6/2020

## за вработување на (3) три извршители на определено време за период до 31.12.2020 година во Министерството за животна средина и просторно планирање

Министерството за животна средина и просторно планирање објавува Јавен оглас за вработување/засновање на работен однос на (3) три извршители на определено време за период до 31.12.2020:

1. **Советник за мониторинг на спроведување на инфраструктурни проекти во градот Битола, во рамките на Проектната единица за имплементација на проекти** за реконструкција и проширување на канализациони мрежи и изградба на пречистителни станици за отпадни води за реализација на проектот Изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води во Битола и проектот проширување и рехабилитација на канализациона мрежа за општина Битола во рамките на ИПА 2- **1 извршител;**

2. **Советник за мониторинг на спроведување на инфраструктурни проекти во градот Кичево, во рамките на Проектната единица за имплементација на проекти** за реконструкција и проширување на канализациони мрежи и изградба на пречистителни станици за отпадни води за реализација на проектот Изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води во Кичево и проектот проширување и рехабилитација на канализациона мрежа за општина Кичево во рамките на ИПА 2-**1 извршител;**

3. **Советник за мониторинг на спроведување на инфраструктурни проекти во градот Тетово, во рамките на Проектната единица за имплементација на проекти** за реконструкција и проширување на канализациони мрежи и изградба на пречистителни станици за отпадни води за реализација на проектот Изградба на пречистителна станица за третман на урбани отпадни води во Тетово и проектот проширување и рехабилитација на канализациона мрежа за општина Тетово во рамките на ИПА 2 - **1 извршител;**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следниве услови :

- да е државјанин на Р.Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик
- да е полнолентен
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај општите услови предвидени во Закон, потребно е :

**За работното место од точката 1:**

Да имаат завршено најмалку високо образование VII/1 степен или студии со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС систем, од областа на Градежништво и водостопанство, Технологија и прехрамбени производи, Животна средина

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- работно искуство: најмалку 3 години работно искуство во струката по дипломирањето
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 26.257,00 денари

**За работното место од точката 2:**

Да имаат завршено најмалку високо образование VII/1 степен или студии со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС систем, од областа на Градежништво и водостопанство, Технологија и прехрамбени производи, Животна средина

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- работно искуство: најмалку 3 години работно искуство во струката по дипломирањето
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 26.257,00 денари

**За работното место од точката 3:**

Да имаат завршено најмалку високо образование VII/1 степен или студии со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС систем, од областа на Градежништво и водостопанство, Технологија и прехрамбени производи, Животна средина

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски)
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење
- работно искуство: најмалку 3 години работно искуство во струката по дипломирањето
- дневно работно време од 07:30/8:30 часот, до 15:30/16:30 часот, неделно работно време 40 часа – од понеделник до петок ;
- нето плата 26.257,00 денари

Право на учество имаат сите граѓани на Република Македонија кои ги исполнуваат условите за конкурирање. Кандидатите со пријавата за учество треба да ги достават доказите за исполнување на условите во оригинална форма или копија заверена кај нотар.

Во пријавата задолжително да се запише и да се наведе работното место за кое се аплицира.

Потребната документација да се достави до Архивата на министерството или по пошта на следнава адреса: "Пресвета богородица бр.3, 1000 Скопје, Министерство за животна средина и просторно планирање, Одделение за човечки ресурси (со назнака „за оглас бр.6/2020")".

Рокот за доставување на потребната документација е три дена сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

Ненавремена и нецелосна пријава и документација нема да биде предмет на разгледување.

По извршената селекција на пријавените кандидати за пополнување на наведените работни места, избраните кандидати ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на Министерство за животна средина и просторно планирање, по што ќе биде направен конечниот избор .

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

***НАПОМЕНА:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.*

Министерство за животна средина
и просторно планирање